# Синдикатот на РЕК Битола учествуваше во акцијата за чистење на ски-патеката “Копанки“

ОКТОМВРИ 31, 2020

Денес на ски-патеката “Копанки“, која е омилена на љубителите на скијањето од Битола и која има долга скијачка традиција, АД ЕСМ организираше акција за чистење. Како што истакнаа од ЕСМ покрај самата акција сакаат и да ја подигнат јавната свест за соодветно одложување на отпадот, за важноста од зачувување на природата и на планинските центри како места од особено значење, како за индивидуалното, така и за колективното здравје на само во Битола туку и пошироко. На стартот на акцијата точно на пладне генералниот директор на АД ЕСМ, м-р Васко Ковачевски рече:

-АД ЕСМ овде го има својот хотел “Молика“, кој е заштитен знак на Пелистер и на Битола, и исто така оперира со ски-центарот “Копанки“, така што како компанија имаме голема одговорност за битолчани, за нивната рекреација, за Пелистер, за природното национално богатство, и за сите граѓани љубители на планинскиот престој и планинскиот воздух. Во изминатиот период вложивме во подобрување на условите во самиот хотел, се вложува и во други сегменти на инфраструктурата, а во иднина уште поинтензивно ќе се преземаат активности за подобрување на условите за граѓаните и туристите кои сакаат да ги посетат убавините на Пелистер.

Во денешната еко-акција учествуваа скијачите и управата на СК Пелистер, велосипедистите на “Ектреим бајк“, вработените во хотелот “Молика“, како јавните претпријатија од Битола, синдикатот на РЕК “Битола“, вработени од Националниот парк “Пелистер“, граѓани…




SKI CENTER KOPANKI PELISTER
ECM